**20261963171**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА И ТРУД

Врз основа на член 17-в став (2) од Законот за безбедност и здравје при работа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 92/07, 136/11, 23/13, 25/13, 137/13, 164/13, 158/14, 15/15, 129/15, 192/15 и 30/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 18/20 и 74/25), министерот за економија и труд донесе

## ПРОГРАМА ЗА ПОЛАГАЊЕ НА СТРУЧЕН ИСПИТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ ПРИ РАБОТА

Член 1

Со оваа програма се пропишува градивото, прописите и литературата за полагање на стручен испит за безбедност при работа.

Член 2

Програмата за полагање на стручен испит за безбедност при работа се состои од следните теми:

1. Устав на Република Северна Македонија:

1.1. Основни слободи и права на човекот и граѓанинот;

1.2. Организација на државната власт;

1.3. Уставен суд на Република Северна Македонија;

1.4. Локална самоуправа;

1.5. Меѓународни односи;

1.6. Одбрана на Републиката, воена и вонредна состојба.

2. Закон за безбедност и здравје при работа:

2.1. Општи обврски на работодавачот;

2.2. Други обврски на работодавачот;

2.3. Права и обврски на вработените;

2.4. Совет за безбедност и здравје при работа;

2.5. Овластување;

2.6. Надзор;

2.7. Прекршочни одредби.

3. Закон за работните односи:

3.1. Посебна заштита на работниците кои се уште не наполниле 18 годишна возраст;

3.2. Заштита на инвалиди со право на професионална рехабилитација;

3.3. Посебна заштита на повозрасни работници;

4. Закон за пензиското и инвалидското осигурување:

4.1. Инвалидност;

4.2. Работа на која работи вработениот;

4.3. Друга соодветна работа;

4.4. Намалена работна способност;

4.5. Преостаната работна способност;

4.6. Загубена работна способност;

4.7. Повреда при работа;

4.8. Професионална болест;

4.9. Права врз основа на преостаната работна способност;

4.10. Скратено работно време, распоредување на друго соодветно работно место;
4.11. Квалификација или доквалификација.
5. Закон за здравственото осигурување:
5.1. Задолжително здравствено осигурување;
5.2. Осигурени лица;
5.3. Право на здравствени услуги;
5.4. Права на парични надоместоци;
5.5. Обезбедување на средства.
6. Закон за здравствената заштита:
6.1. Права од здравствена заштита;
6.2. Спроведување на здравственото осигурување;
6.3. Обезбедување средства, надоместок на штета на здравствени организации.
7. Конвенции на Меѓународната организација на трудот:
7.1. Бр. 155, Конвенција за безбедност и здравје при работа, 1981 година;
7.2. Бр. 161, Конвенција за професионални здравствени услуги, 1985 година;
7.3. Бр. 81, Конвенција за трудова инспекција, 1947 година.
8. Национална програма за усвојување на правото на Европската Унија:
8.1. Социјална политика и вработеност.
9. Стратегија на Европска Унија во областа на безбедноста и здравјето на работа.
10. Мерки за заштита при работа со екрани.
11. Минимални барања за безбедност и здравје на вработените при употреба на лична заштитна опрема на работно место.
12. Минимални барања за безбедност и здравје при употреба на опрема за работа од страна на вработените на работа.
13. Знаци за безбедност и здравје при работа, изглед, боја, големина.
14. Начин на водење евиденција во областа на безбедност и здравје при работа.
15. Минимални барања за безбедност и здравје при рачно пренесување на товар, кое претставува ризик од повреди.
16. Минимални барања за заштита на вработените од ризици по нивното здравје и безбедност, кои настануваат од изложеност на бучава.
17. Минимални барања за безбедност и здравје при работа на привремени мобилни градилишта.
18. Минимални барања за безбедност и здравје на вработените на работниот простор.
19. Услови кои треба да ги исполни правното или физичкото лице за вршење на стручни работи.
20. Минимални барања за заштита на вработените од ризици по нивното здравје и безбедност, кои настануваат од изложеност на механички вибрации.
21. Начин на изготвување на изјава за безбедност, нејзината содржина, како и податоците врз кои треба да се заснова проценката на ризикот.
22. Минимални барања за безбедност и здравје на вработените од ризиците поврзани со изложување на азбест при работа.
23. Минимални барања за безбедност и здравје на вработените од ризици поврзани со изложеност на биолошки агенси.
24. Минимални барања за безбедност и здравје на вработените од ризици поврзани со изложеност на канцерогени, мутагени или супстанци токсични за репродуктивниот систем.
25. Минимални барања за безбедност и здравје на вработените од ризици поврзани со изложеност на хемиски супстанци.

26. Минимални барања за безбедност и здравје при работа на младите работници.
27. Минимални барања за безбедност и здравје при работа на бремени работнички, работнички кои неодамна се породиле или дојат.
28. Начин на спроведување на едукацијата и начинот на водење на евиденција за спроведување на едукација.
29. Минимални барања за безбедност и здравје при работа на вработени во индустријата за вадење на минерали со бушење.
30. Начин на бодување и активното и пасивното учество на обуките за стручно усовршување на стручните лица за безбедност при работа.
31. Минимални барања за безбедност и здравје при работа на вработени од ризици поврзани со изложување на физички агенси (вештачко оптичко зрачење).
32. Минимални барања за безбедност и здравје при работа на вработени во рударство со површинска и подземна експлоатација на минерални суровини.
33. Минимални барања за безбедност и здравје при работа на вработени на рибарски бродови.
34. Минимални барања за безбедност и здравје при работа на вработени изложени на физички агенс електромагнетни полиња.

Член 3

Прописите и литературата за полагање на стручниот испит за безбедност при работа, се дадени во Прилог, кој е составен дел на оваа програма.

Член 4

Со денот на влегувањето во сила на оваа програма престанува да важи Програмата за полагање на стручен испит за безбедност при работа („Службен весник на Република Македонија” бр. 184/25).

Член 5

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија”.

Бр. 12-4010/3
19 август 2026 година
Скопје

Министер
за економија и труд,
**Бесар Дурмиши**, с.р.

Прилог

Прописи и литература за полагање на стручниот испит за безбедност при работа:
- Устав на Република Северна Македонија,
- Закон за безбедност и здравје при работа,
- Закон за работните односи,
- Закон за пензиското и инвалидското осигурување,
- Закон за здравстеното осигурување,
- Закон за здравствената заштита,
- Закон за инспекција на трудот,
- Закон за организација и работа на органите на државната управа,
- Кривичен законик, член 166,167,168, 169, 170, 171 и 289,
- Конвенции на Меѓународната организација на трудот
- Конвенција бр. 155 за безбедност и здравје при работа,
- Конвенција бр. 161 за службите на медицина на трудот,
- Конвенција бр. 81 за инспекцијата на трудот во индустријата и во трговијата,
- Национална програма за усвојување на правото на Европската Унија (социјална политика и вработеност),
- Стратегија на ЕУ во областа на безбедноста и здравјето на работа,
- Правилник за мерки за заштита при работа со екрани,
- Правилник за личната заштитна опрема која вработните ја употребуваат при работа,
- Правилник за безбедност и здравје при работа при употреба на опрема за работа,
- Правилник за знаци за безбедност и здравје при работа,
- Правилник за начинот на водење на евиденција во областа на безбедност и здравје при работа ,
- Правилник за безбедност и здравје при работа при рачно пренесување на товар,
- Правилник за формата и содржината на образецот за известување за започнување со вршење на дејност,- Правилник за безбедност и здравје при работа на вработените изложени на ризик од бучава,- Правилник за минималните барања за безбедност и здравје при работа на привремени и мобилни градилишта,
- Правилник за минималните барања за безбедност и здравје на вработените на работниот простор,
- Правилник за условите за вработените, организацијата, техничките и други услови кои треба да ги исполни правното или физичкото лице за вршење стручни работи,
- Правилник за безбедност и здравје при работа на вработените изложени на ризик од механички вибрации,
- Правилник за начинот на изготвување на изјава за безбедност, нејзината содржина, како и податоците врз кои треба да се заснова проценката на ризикот,
- Правилник за минималните барања за безбедност и здравје на вработените кои се потенцијално изложени на ризик од експлозивни атмосфери,
- Правилник за минималните барања за безбедност и здравје на вработените од ризиците поврзани со изложување на азбест при работа,
- Правилник за минималните барања за безбедност и здравје при работа на вработени од ризици поврзани со изложеност на биолошки агенси*,
- Правилник за минималните барања за безбедност и здравје при работа на вработени од ризици поврзани со изложување на канцерогени, мутагени или супстанци токсични за репродуктивниот систем*,
- Правилник за минималните барања за безбедност и здравје при работа на вработени од ризици поврзани со изложување на хемиски супстанци,
- Правилник за минималните барања за безбедност и здравје при работа на младите работници,
- Правилник за минималните барања за безбедност и здравје при работа на бремени работнички, работнички кои неодамна се породиле или дојат*,
- Правилник за формата и содржината на поканата за едукација, начинот на спроведување на едукацијата и начинот на водење на евиденција за спроведување на едукацијата,
- Правилник за минималните барања за безбедност и здравје при работа на вработени во индустријата за вадење на минерали со бушење*,
- Правилник за начинот на бодување и активното и пасивното учество на обуките за стручно усовршување на стручните лица за безбедност при работа и формата и образецот на потврдата за стекнатите бодови за учество на обуката за стручно усовршување,
- Правилник за висината на трошоците за издавање на дозвола за вршење на стручни работи и полагање на стручен испит за безбедност при работа,
- Правилник за минималните барања за безбедност и здравје при работа на вработени од ризици поврзани со изложување на физички агенси,
- Правилник за минималните барања за безбедност и здравје при работа на вработени во рударство со површинска и подземна експлоатација на минерални суровини* ,
- Правилник за минималните барања за безбедност и здравје при работа на вработените на рибарски бродови*,
- Правилник за висина на трошоците за извршување на стручни работи за безбедност при работа,
- Правилник за минималните барања за безбедност и здравје при работа на вработени од ризици поврзани со изложувања на физички агенси (електромагнетни полиња)*.